Во вторникот, на 11 февруари 2020, во Галеријата при Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ се оддржа поетскиот настан “Пехарот на Свети Трифун“. Настанот беше по повод конкурсот за најдобра необјавена поетска творба посветена на празниците Свети Трифун и Свети Валентин на тема “Еден ден, а две слави“ и беа доделени наградите за најдобрите творби. Наградите се доделуваaa во две возрасни категории: Прва од 13 до 19 години и Втора над 19 години. Во првата категорија наградите ги добија: 1 место - Марија В‘чкова; 2 место - Љупче Лалков и 3 место - Надица Коцева. Во втората категорија наградите ги добија: 1 место - Љупчо Атанасов; 2 место - Ангел Јанев и 3 место - Љиљана Атанасова. Гран при за најдобра песна освои Тодорка Андова. Настанот музички го збогати групата “Акустико“ од Кавадарци. “Пехарот на Свети трифун“ е во организација на Дом на култура “Иван Мазов - Климе“ Кавадарци и Библиотека “Феткин“ Кавадарци.

















